# Брошура за пациенти во врска со Законот за помош и заштитни мерки во случаи на психички заболувања (Закон за психички заболувања Северна Рајна Вестфалија)

Добар ден (име/ презиме): ______________________________________,

сакаме да Ви помогнеме да Ви биде што поскоро подобро.

Со оваа брошура сакаме да Ве информираме за Вашите најважни права и одговорности. Целиот законски текст се наоѓа во одделението.

## Причина за хоспитализацијата

Кратка информација (со едноставни зборови)

Сместени сте во болница бидејќи сте болни и бидејќи постои акутна опасност за Вас или за други лица поради Вашето однесување.

Законот кој тоа го дозволува се вика Закон за помош и заштитни мерки во случаи на психички заболувања. Кратенката гласи „ПсихКГ НРВ„ („PsychKG NRW").

## Судска одлука (§ 14 PsychKG NRW)

Кратка информација (со едноставни зборови)

За тоа дали морате да останете во болница одлучува судија / судијка.

Судијата / Судијката ќе дојде денес или утре за да зборува со Вас за Вашата болест. Можете да му кажете на судијата / да и кажете на судијката сè. Имате право на адвокат / адвокатка.

Доколку не дојде судијата / судијката, ќе бидете отпуштени. Тоа е во случај доколку докторот / докторката кој / која Ве лекува не воведе нова постапка според Законот за психички заболувања.

Можете да се пожалите писмено против одлуката на судијата / судијката до судот во рок од две недели. Вработените во одделението ќе Ви помогнат со жалбата.

## Документација – право на увид (§ 16 PsychKG NRW)

Кратка информација (со едноставни зборови)

Персоналот запишува што се случува за време на лечењето. Доколку Ви е подобро уште еднаш ќе разговараат со Вас за принудните мерки.

Смеете да прочитате **сè** што персоналот запишал за Вас.

Тоа се вика право на увид.

## Престој на отворено (§ 16 Abs. 1 PsychKG NRW)

Кратка информација (со едноставни зборови)

Смеете секој ден да престојувате надвор најмалку еден час, во дворот или на терасата.

## Докторски преглед при примање (§ 17 PsychKG NRW)

Кратка информација (со едноставни зборови)

Доктор / Докторка ќе Ве прегледа што е можно побрзо.

Доктор / Докторка проверува дали сеуште претставувате опасност за себе или за други лица.

## Известување на лице од доверба (§ 17 PsychKG NRW)

Кратка информација (со едноставни зборови)

Доколку сакате ќе известиме лице од доверба (пријатели, семејство, старател) дека сте во болница.

Доколку сакате можеме да информираме за тоа и адвокат / адвокатка.

Доколку имате законски старател /законска старателка тој/таа ќе биде автоматски информирана.

Овие лица можат да бидат присутни на разговорот со судијата / судијката.

## Лечење (§ 18 PsychKG NRW)

Кратка информација (со едноставни зборови)

Вашата болест може да се лекува кај нас. Ќе бидете лекувани само доколку се сложувате со тоа. Тоа се вика согласност. Тоа важи и за лекарства. Од ова правило има исклучоци.

Лечењето мора точно да Ви се објасни.

1. Исклучок:
Доктор / докторка смее да Ве лекува против Вашата волја доколку постои голема опасност поради Вашето заболување. Постои голема опасност ако Вашето однесување поврзано со болеста е опасно по живот или претставува многу сериозен ризик за Вашето здравје или за здравјето на другите. Принудното лечење вообичаено може да се изврши само доколку постои дозвола од  судија / судијка.

2. Исклучок:
Многу ретко може доктор / докторка да изврши принудно лечење без да праша судија / судијка. Тоа е во случај доколку докторот / докторката мисли дека не може да се чека додека дојде судија / судијка бидејќи инаку нешто лошо може да се случи.
Овие два исклучока се викаат принудно лечење.

## Посебни заштитни мерки (§ 20 PsychKG NRW)

Кратка информација (со едноставни зборови)

Доколку претставувате посебна опасност за себе или другите докторот / докторката има право да ги одреди следните мерки:

1.) не смеете да излегувате надвор
или
2.) ќе бидете сместени сами во соба и вратата ќе биде заклучена
или
3.) персоналот смее цврсто да Ве држи
или
4.) персоналот смее да Ве врзе во креветот.

Овие мерки се дозволени само и доколку ништо друго не помага. Мора веднаш да се прекинат доколку не постои веќе опасност.

Доколку сте врзани за повеќе од 30 минути, мора тоа да биде дозволено од судија / судијка.

Доколку не Ви е подобро, можете да го замолите судијата / да ја замолите судијката да провери дали со право сте врзани.

## Завршување на хоспитализацијата (§ 15 PsychKG und § 25 PsychKG)

### Кратка информација (со едноставни зборови)

Секој ден се проверува дали се уште е потребна хоспитализацијата.

Доколку се чувствувате подобро, може

- да Ви се одобри отсуство
- да бидете отпуштени или
- доброволно да останете да Ве лекуваат понатаму.

## Лични предмети, посета, телекомуникација и медиуми, пушење (§ 22 PsychKG)

### Кратка информација (со едноставни зборови)

Опасните предмети морате да им ги предадате на персоналот кој Ве негува. Овие предмети ќе Ви бидат вратени кога ќе бидете отпуштени.

Смеете да го користите Вашиот мобилен и Вашиот лаптоп. Смеете да праќате писма. Исто така смеете да примате писма. Доколку сакате, можете и да примате посета.

Ве молиме земајте обзир на другите лица во одделението.

Смеете да пушите само во делот за пушење. Тој е јасно обележан.

Без дозвола не смеете да сликате или да правите звучни записи од други лица во ЛВР-клиниката.

## Трошоци за лекувањето

Кратка информација (со едноставни зборови)

Доколку немате здравствено осигурување, информирајте не. Социјалната служба на ЛВР-клиниката ќе Ви помогне во овој случај.

## Договор за лекување, согласност за прифаќање/одбивање на медицинска интервенција (§ 2 PsychKG NRW)

Кратка информација (со едноставни зборови)

Можно е да бидете повторно лекувани кај нас.

За да знаеме како најдобро да Ве лекуваме, можете да склучите писмена спогодба со докторот / докторката. Тоа се вика договор за лекување.

Исто така ќе земеме во предвид ако имате дадено согласност за прифаќање/одбивање на медицинска интервенција. Оваа спогодба понатаму ќе важи за сите вклучени страни.

## Поплаки (§ 24 PsychKG NRW)

Кратка информација (со едноставни зборови)

Доколку сте незадоволни, можете да се пожалите.

Постојат различни можности. Во одделението е поставен преглед на овие можности. Или прашајте кај персоналот.
Постојат и други можности за жалба (видете го прилогот за адреси):

**Ви посакуваме да оздравите побрзо!**
**Вашата ЛВР-клиника**

## Прилог:

## Можности за жалба

Ја имате секогаш можноста да се пожалите на пр. за лекувањето или за нешто друго.

**1. Вработени на лице место во одделението:**
Разговарајте со медицинскиот персонал, раководството на одделот за нега или одделението и, доколку сакате, со лекарите.

или:

**2. Независни претставници на пациентите / пациентките таканаречени омбудсмани на лице место во клиниката:**
За поддршка на пациентите / пациентките во ЛВР-клиниката е назначен независен омбудсман кој ќе одвои време за Вас и ќе разговара со Вас на лице место за Вашите барања. Работното време како и телефонскиот број на омбудсманот можете да ги најдете на огласната табла во Вашето одделение на лице место.



или:

**3. исто така на лице место можете да ја исконтактирате докторската дирекција на ЛВР-клиниката која Ви стои на располагање за разговор во рамките на претходно договорен термин:**
Вработените на одделението ќе Ви помогнат да договорите термин.

Контакт информации на докторската дирекција на ЛВР-клиника:

или:

**4. Надвор од ЛВР-клиниката можете да ја упатите Вашата жалба до:**

Zentrales Beschwerdemanagement des Landschaftsverbandes Rheinland. (Централно управување со жалби на регионалниот сојуз Рајнланд)

Landschaftsverband Rheinland/ ZBM
50663 Köln
Тел.: 0221/ 809 2255, емаил: beschwerden@lvr.de

или:
**5. конечно можете и да се обратите и до независни советувалишта за луѓе со психијатриски проблеми во различните региони на пр.:**

### Регион Келн
Beschwerderat Psychosoziale Arbeitsgemeinschaft (PSAG) Köln
c/o Rat und Tat e.V. Kempener Str. 135
50733 Köln, Тел: 0163/ 383 1686, емаил: beschwerderat@web.de

### Регион Дизелдорф
Unabhängige Beschwerdestelle Psychosoziale Arbeitsgemeinschaft (PSAK) Düsseldorf
Kölner Str. 180, 40227 Düsseldorf
Тел: 0211/ 899 2622 телефонска секретарка,
емаил: psag_beschwerdestelle@duesseldorf.de

### Регион Дуизбург-Есен
Unabhängige Beschwerdestelle der Psychosozialen Arbeitsgemeinschaft (PSAG) Duisburg
c/o Gesundheitsamt Herr Marcel Hellmich,
Ruhrorter Straße 195, 47119 Duisburg
Тел: 0203/ 283 2709, емаил: beschwerdestelledu@gmx.de

### Регион Крефелд

Psychosoziale Beschwerdestelle Krefeld
Westwall 134, 47798 Krefeld
Тел: 02151/ 389 261 телефонска секретарка,
емаил: beschwerdestelle@psag-krefeld.de

### Регион Вирсен

Beschwerdestelle des Gemeindepsychiatrischen Verbundes Kreis Viersen
Kontakt: BIS e.V., Klosterstr 5, 41379 Brüggen
Тел: 02163/ 5622, емаил: info@bis-brueggen.de

или:

**6. доколку мислите дека Вашето барање не е доволно земено во предвид, можете да се обратите со Вашата жалба на надзорната реонска управа согласно член 30 на Законот за психички заболувања:**

- Bezirksregierung Köln, Krankenhausaufsicht, Postfach, 50606 Köln
- Bezirksregierung Düsseldorf, Krankenhausaufsicht, Postfach 300865, 40408 Düsseldorf

**Импресум:**
2 издание, 2022
Одговорни за содржината:
ЛВР-управа 8/ 84.20 во соработка со 81.30 (правен оддел). Контакт лице: Уве Блихер 84.20.

**Соработници**:
Триалогично обработено од: придружникот за оздравени лица на ЛВР-клиниките, претставници на роднините, специјалист за психијатрија и психотерапија, раководителката на одделението за нега, одговорното лице за работа со јавност, раководителот на проектот СЕИБ, одговорното лице за интеграција, централно управување со жалби, дирекциите за нега како и докторските дирекции на ЛВР-клиниките кои суштински придонесоа за практичноста на оваа брошура.

**Текст:** на едноставен, разбирлив (близок до граѓаните) јазик според правилата за едноставен јазик (Асоцијација Мрежа за лесен јазик е.В.) како и упатството бр. 2 од ЛВР-департманот 1.

**Јазични верзии:**
Постојат 32 преводи на брошурата за Законот за психички заболувања.

Надворешна употреба на брошурата со напомена на авторските права е можна:
© LVR-Klinikverbund und Verbund Heilpädagogischer Hilfen